Михаил Булгаков

Четири портрета и други разкази

Изданието е објавено со поддршка од:

ИНСТИТУТ ПЕРЕВОДА

AD VERBUM

БИБЛИОТЕКА – ARS MAGNA

Главен уредник
Филип Димевски

Наслов на оригиналот
Михаил Афанасьевич Булгаков, **Избранные рассказы**

Превод од руски јазик
Ѓорѓи Крстевски

Лектура
Ирена Ралева

Компјутерска обработка
Бегемот

Ликовно уредување
Ѓорѓе Јовановиќ

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ
Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

Михаил Булгаков

Четири портрета
и други раскази



Скопје, 2025

Содржина

Записи на манжетните 7
Трактат за живеалиштето 67
Псалм 78
Четири портрета 86
Алкохолно езеро 97
Пурпурниот Остров 106

Записи на манжетните

На руските писатели што пливаат,
што патуваат и што страдаат

Прв дел

I. Кавказ

...

II. Повратен тифус

Соработникот на покојното „Руско слово“, во гамаши и со цигара, ја зеде телеграмата од масата и со вообичаениот професионален поглед ја прочита за секунда, од прв до последен ред.

Раката махинално запиша отстрана: „Во два столба“, но усните неочекувано му се собраа како цевче: фју-ју!

Помолчи. Потоа ненадејно искина една четвртина од листот хартија и запиша:

До Тбилиси има четириесет милји...
Кој продава автомобил?

Одозгора: „Мал фељтон“, отстрана: „Корпус“, одоздола: „Грач“.

И наеднаш почна да брбори, како дикенсовски Џингл:

– Тааа-кааа! Знаев! Може ќе треба да појдам. Па, што! Во Рим имам шест илјади лири. *Credito Italiano*. Што? Шест... Во суштина, јас сум италијански офицер! Така е. *Finita la comedia*!

И свирнувајќи уште еднаш со устата, си го намести качкетот на затилокот и јурна кон вратата, со телеграмата и со фељтонот.

– Стојте! – му свикав откако се созедов. – Застанете! Каков *Credito*? *Finita*? Што? Катастрофа!?

Но тој исчезна.

Сакав да се стрчам по него, но одеднаш одмавнав со раката, се намуртив и седнав на диванот. Чекајте, што ме измачува мене? Неразбирливото *Credito*? Турканицата? Не, не е тоа... Ах, да. Главата! Втор ден како ме боли. Ми пречи. Главата! И тогаш еден силен студ ми помина по грбот. А по една минута – обратно: телото ми се исполни со сува топлина, додека челото ми беше испотено. Ми пулсира во слепоочниците. Настинав. Проклета февруарска магла! Само да не се разболам... Само да не се разболам!

* * *

Чудно е, но се навикнав за еден и пол месец. Колку е добро по маглата. Згради. Карпа и море во златна рамка. Книги во шкафот. Прекривката на отоманот е рапава, никако не можеш удобно да легнеш, а перницата е тврда... Но не би станал за ништо на светов. Каква мрзливост! Нејќам ни да ги подигнам рацете. Еве, веќе половина час размислувам дека треба да подадам рака, да земам прашок со аспирин од столчето, а сепак не правам никакво движење...

– Мишуња, ставете ми го топломерот!

– Ах, не можам да издржам!... Немам ништо...

* * *

Боже мој, боже мој, бо-о-же мој! Триесет и осум со девет... да не имам тифус? Или не. Не е можно! Од каде сум го фатил?! А ако имам тифус?! Кога било, само не сега! Тоа би било ужасно... Глупости. Суеверија. Сум настинал, и тоа е. Грип. Еве, ноќва ќе пијам аспирин и утре ќе станам како кукурек!

* * *

Триесет и девет со пет!

– Докторе, нели немам тифус? Нели? Ми се чини дека е само обичен грип. А? Од маглава...

– Да, да... Маглата. Дишете, ве молам... Подлабоко... Така!

– Докторе, имам некоја важна работа... Накратко. Може ли да одам?

– Да не сте се мрднале од умот!?

* * *

Карпата издишува жештина, и морето, и отоманот. Ја свртувам перницата, а штом ја ставам главата врз неа, веќе е врела. Ништо... ќе ја изгубам и оваа ноќ, а утре ќе појдам, нема што! Што и да биде – ќе појдам! Не треба да залегнувам! Обичен грип... Добро е да си болен. Да имаш температура. За да заборавиш на сè. Да си полежиш, да одмориш, само не сега, чувај боже! Нема време за одмор во ѓаволскава мешаница... А сега толку многу сакам... Што сакам? Да. Шуми и планини. Ама не оние проклетине, кавкаските. Ги сакам нашите, далечните... Мељников-Печерски[1]. Манастирот е завеан во снег. Огништето гори и бањата е топла... Токму шумите и планините. Сега би дал половина царство за да сум во топла бања, на клупа. Веднаш би ми олеснило... А потоа – да се фрлам гол во снежниот нанос... Шуми! Борови шуми, сонливи... Шуми од кои се израбо-

[1] Павел Иванович Мељников (псевдоним: Андреј Печерски, исто така познат и како Мељников-Печерски; 1818–1883), руски писател, публицист и етнограф. Автор на бројни романи, меѓу кои и „Во шумите“ и „На планините“ (сите забелешки се на преведувачот, освен ако е наведено поинаку).

туваат греди за бродоградба. Петар[2] во зелен кафтан сече борова шума. Затоа што... Колку убав, цврст, државнички збор е – затоа што! Шуми, долови, килим од лисјата на иглолисни дрвја, бел манастир. И хорот монаси нежно и складно пее:

Храбра наша Војвоѿко ѿбедоносна...

– Ах, не! Какви монаси! Таму воопшто нема монаси! Каде сте, монаси? Црни, бели, слаби, од сликите на Васнецов[3]?

– Ла-риса Леонтјевна, каде се монасите?!

– ...Блада... блада, кутриот!...

– Не бладам. И не мислам да бладам. Монаси! Ама што, сте заборавиле и вие? Подајте ми ја книгата. Онаа, од третата полица. Мељников-Печерски...

– Мишуња, не треба да читаш во ваква состојба!

– Зошто? Зошто не треба? Та, ќе оздравам уште утре! Ќе појдам кај Петров. Вие не разбирате. Ќе ме отпуштат!

– Па, добро, добро, исправете се! Еве ви ја книгата.

– Милата книга. Со старински, познат мирис. Но буквите ми скокаат, ми играат, се ис-

[2] Се мисли на рускиот император Петар I, кој во 1703 година издал наредба за садење борови шуми чии стебла потоа се користеле за изградба на бродови.

[3] Виктор Михајлович Васнецов (1848–1926), руски сликар и архитект, мајстор на историското и фолклорното сликарство.

кривиле. Се присетив. Во манастирот правеа лажни документи, за Романови. Ех, ме држи умот! Не монаси туку документи...

Палавковци мои!

– Лариса Леонтјевна... Ларочка! Ги сакате ли шумите и планините? Ќе заминам во манастир. Бездруго! Далеку, во манастир. Со густа шума, птичји пој, каде што нема луѓе... Ми здодеа оваа идиотска војна! Ќе побегнам во Париз, таму ќе напишам роман, а потоа во манастир. Но дури утре ќе ѝ дозволам на Ана да ме разбуди во осум. Разберете, уште вчера требаше да се појавам кај него... Раз-бе-ре-те!

– Разбирам, разбирам, молчете!

* * *

Магла. Врела, црвеникава магла. Шуми, шуми... и од пукнатината во зелениот камен тивко тече вода. Толку чист, кристален млаз. Само треба да се доползи до него. И ќе се напиеш таму, можеш да земаш вода со рака! Но мачно е да се ползи по паднатите иглички од дрвјата, лепливи се и бодат. Ги отворам очите – тоа воопшто не се иглички туку чаршаф.

– Бо-же! Што бара чаршафов врз мене... да не го посипавте со песок? Оф, леле!

– Веднаш, веднаш!

– Ах, ми држи топло!

– ... ужасно! Пак има четириесет и пет!

– ... леѓен со мраз...

– Докторе! Барам... веднаш да ме испратите во Париз! Веќе не сакам да останам во Русија... Ако не ме испратите, повелете да ми го дадете мојот пиштол... браунинг! Ла-роч-кааа! Дајте ми го...!

– Во ред. Во ред. Ќе ви го дадеме. Не вознемирувајте се!

* * *

Мрак. Проблесок. Мрак... проблесок. Да ме убиете, нема да се сетам...

Главата! Главата! Нема монаси, храбра војвотка, а демоните трубат и со вжештени куки ми го раскинуваат черепот. Гла-ва-та!

* * *

Проблесок... мрак. Про... не, веќе нема! Ништо не е ужасно, и сè, сè е сеедно. Не ме боли главата. Мрак и четириесет и еден и една...

III. Што ќе правиме?!

Белетристот Јурий Слјозкин седеше во раскошна фотеља. Впрочем, сè во просторијата беше раскошно и затоа Јура во фотељата изгледаше како да не припаѓа таму. Главата, соголена од тифус, му личеше како момчешките глави што ги опишуваше Твен (како јајце посипано со бибер). Палтото со предни џебови, изедено од молци, а под пазувата – дупка. Носеше сиви војнички чевли. Едниот му беше подолг,

а другиот покус. Во устата држеше цигара од две копејки. Во очите стравот и тагата му играа долга магарица.

– Што ќе биде сега со нас? – прашав и не си го познав гласот. По вториот напад ми беше слаб и пискав.

– Што? Што?

Се свртев во креветот и копнежливо погледнав низ прозорецот зад кој тивко се нишаа веќе соголените гранки. Прекрасното небо, обоено од залезот на сонцето, не ми даде одговор. И Слјозкин го премолчи одговорот, кимајќи со голата глава. Во соседната просторија зашушка фустан. Женски глас шепна:

– Ноќва Ингушетијците ќе го пљачкосуваат градов.

Слјозкин се стресе во фотељата и ја поправи:

– Не Ингушетијците, туку Осетинците. И не ноќва, ами утре сабајле.

Нервозно заблескаа рефлекторите на sидините.

– Боже! Осетинците? Па, тогаш е ужасно!

– А која е разликата?

– Како која? Впрочем, вие не ги знаете овдешните луѓе. Кога ограбуваат, Ингушетијците само пљачкосуваат. А Осетинците и пљачкосуваат и убиваат...

– Сите ќе ги убијат? – деловно праша Слјозкин, павкајќи со смрдливата цигара.

– Ах, Боже! Колку сте чуден! Не сите... Туку, кој воопшто... Патем, не знам што ми стана! Се заборавив. Го вознемируваме болниот.

Зашушка фустанот. Медицинската сестра се наведна над мене.

– Не се воз-немирувам...

– Глупости – суво изговори Слјозкин – глупости!

– Молам? Какви глу-пос-ти?

– Та тоа... Осетинците и сè друго. Будалаштини – испушти столпче од чад.

Изнемоштениот мозок наеднаш ми запеа:

– Мамо! Мамо! Што ли ќе правиме?!

– Навистина. Што ќе пра-ви-ме?

Слјозкин се насмеа само со десниот образ. Се замисли. Го обзеде вдахновение.

– Ќе отвориме оддел за уметност!

– Тоа... молам?

– Што?

– Рече... дел?

– Ах, не. Од-дел!

– Од?

– Аха!

– Зошто од?

– Ех... Види – се помрдна – постои раздел. Раз. Сфаќаш? А ова ќе биде оддел. Од. Сфаќаш?

– Раздел. Баздел. Барбјус, Барбос.

Се јави сестрата.

– Живи Господ, не зборувајте му! Пак ќе почне да блада...

– Глупости! – строго рече Јура. – Будалаштини! Сите тие Мингрелијци... Како ги викаа? Черкези. Обични глупаци!

– Ка-ко?

– Само јурат. И пукаат. Во месечината. Нема да пљачкосуваат...